# ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2023

Организација на жените на општина Свети Николе

# Е-БИЛТЕН

БРОЈ 4

Во овој билтен прочитајте за нашите проекти и активности во текот на последниот квартал од 2023 година.

Како што влегуваме во 2024 година, да ги прославиме достигнувањата во изминатиот квартал и да ги искористиме научените лекции додека се движиме во годината што ни претстои. Заедно, подготвени сме да се справиме со новите предизвици и можности, водени од нашата заедничка посветеност и мисија.



Доколку сакате да ги поддржете нашите активности можете да направите уплата на сметка: 270000000911687 Халк Банка или да не контактирате преку контакт информациите подолу

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:


032 444 620

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

www.womsvetinikole.org.mk

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах 13 2220 Свети Николе

facebook.com/womsvetinikole

instagram.com/ozo_svnikole

## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: НЕ СИ САМ/А – КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА 2










- Во Свети Николе на нашиот отворен настан под кампањата „Ние сме сè уште тука за тебе“ имавме можност да се дружиме со Огнен Јанески и да разговараме за институциите и граѓанските организации во поддршка за правда за граѓаните.

- Се одржа третата регионална средба за вмрежување „Регионално јакнење за унапредени услуги кон маргинализираните заедници“, на која присуствуваа претставници од релевантни институции од општините Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе.

- Се одржа трибина на тема „Имотно правни односи- разбирање на вашите права“ која беше водена од нотарката Јорданка Димчева.

- Се одржа информативна средба со жителите на општина Лозово. Целта на оваа средба беше да се запознаат жителите од Лозово со услугите кои ги пружа Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка при ОЖОСВН.







- Беа снимани две сведоштва како дел од кампањата „Ние сме сè уште тука за тебе“

"... реков морам да преземам некои мерки. Размислував и се сетив да се обратам на Организацијата за Жените..."

„...За да успееме, ќе пробаме на секој начин. Да те упатиме прво во Организацијата на жените од Свети Николе.“

# АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ЈАКИ ЖЕНИ, ЈА ЈАКНАТ ЗАЕДНИЦАТА – II







Во периодот од 17-20 октомври реализиравме тридневен тренинг „Твој е изборот дали ќе бидеш тивка или гласна“ за девојки од Источниот и Вардарскиот регион на Македонија. Фокусот на нашиот тренинг беа младинскиот активизам, родовата еднаквост и човековите права со акцент на правата на жените и девојките.














Учесничките преку работилници, форум театар и снимање на видеа стекнатото знаење го споделија со нивните заедници во Свети Николе, Кочани, Виница, Делчево, Неготино и Велес.
Се надеваме дека овие млади девојки ќе станат поборници за промени, што ќе има позитивно влијание во нивните заедници и пошироко.

## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ЈАКИ ЖЕНИ, ЈА ЈАКНАТ ЗАЕДНИЦАТА – II

Еве што изјавија дел од учесничките по завршетокот на тренингот

**Зошто мислиш дека е важно да има ваков вид на тренинзи каде младите девојки ќе се запознаат со младинскиот активизам, родовата еднаквост и човековите права со акцент на правата на жените и девојките?**

„Овие тренизни многу им помагаат на девојките затоа што учат повеќе за своите права, а со тоа ќе знаат и да ги бранат своите права и да бидат активен дел од своите заедници...“

Загорка од Неготино

„Сметам дека е важно да има вакви тренинзи што повеќе и почесто. Важно е младите да бидат информирани за своите права и за нашето учество во заедницата. И конкретно девојките да бидат свесни колку можат и дека секогаш можат повеќе...“

Ана од Свети Николе

„Ваквите тренинзи ја развиваат личноста во многу области и кај таа личност се создаваат нови перспективи за понатамошно развивање...Кога се работи со млади луѓе се создава поттик за идно ширење на стекнатите знаења кај другите врсници. Многу ми се допаѓа што на тренингот учествуваат млади од повеќе различни градови и баш во тие мали места да се развива неформалното образование и да се поттикне младинскиот активизам во тие мали места каде што нема многу можности...“

Ана од Делчево

# АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ЈАКИ ЖЕНИ, ЈА ЈАКНАТ ЗАЕДНИЦАТА – II






Во периодот од 30.11 до 02.12, беше реализирана работилница за евалуација на работата на ОЖОСВН за 2023 година и креирање на Програма за работа за 2024 година. Членовите од извршната канцеларија поминаа низ стариот годишен план каде што се евидентираа сите постигнати резултати во 2023 година. Врз основа на овие информации, проектите за наредната година, стратешкиот и акцискиот план на ОЖОСВН, потребите на целните групи и очекувани акции и активности за наредниот период, учесниците на работилницата продолжија со креирање на Програма за работа за 2024 година

ОЖОСВН и во наредната година останува посветена кон остварување на зацртаните стратешки цели во своите програми за работа и потребите на своите целни групи.



На 26.12. се одржа работилница на тема „Иницијативност и солидарност – моќ за промени“ во с.Корешница, општина Демир Капија, која беше водена од Даниела Панева. Самата работилница беше во форма на дебата и отворена дискусија, каде учесничките сами можеа да дојдат до решенија, идеи, заклучоци за тоа што здружени и заеднички можат да направат за да ја унапредат нивната положба во средината.

# АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ОПЕРАТИВЕН ГРАНТ НА ОЖОСВН ОД ПРОГРАМАТА СМАРТ БАЛКАН – ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ЗА ПОВРЗАН ЗАПАДЕН БАЛКАН













Во рамки на Кампањата за Октомври-месец за борба против рак на дојка, волонтерки на ОЖОСВН делеа едукативни и информативни флаери кои содржат клучни информации за само-преглед и важноста од редовни превентивни прегледи за рано откривање на ракот на дојка, како и флаери со услугите кои ги нудиме како организација во поддршка на жените заболени и лекувани од малигни болести, вклучувајќи бесплатни перики и турбани, групи за самопомош и стручни совети.




Организација на жените на општина Свети Николе во периодот од 09.11 до 11.11.2023 година одржа работилница чија цел беше подготовка на Стратешки план кој ќе го обликува нашиот начин на делување за следните четири години. За следниот период ОЖОСВН дефинираше 5 стратешки цели:

- Да се почитуваат и унапредуваат човековите права
- Да се подобри здравствената состојба на населението
- Младите да се активни и вклучени во општеството придонесувајќи кон позитивни промени во заедницата
- ОЖОСВН да се етаблира и биде препознаен чинител кој гради промени и напредок во заедницата
- Да се зајакне ефикасноста и одржливоста на ОЖОСВН

## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: „ЗАЕДНО ДА ПРЕВЕНИРАМЕ И СЕ БОРИМЕ ПРОТИВ РАКОТ НА ДОЈКА“






- Организацијата на жени во Свети Николе беше дел од Розовата прошетка во Свети Николе за подигање на свеста за ракот на дојката. Приклучувањето кон оваа иницијатива ја покажува нашата посветеност за поддршка на здравјето на жените и ширење на свеста за ракот на дојката. Ние веруваме дека здружувањето за оваа кауза може да направи вистинска разлика
- На 05 ноември ОЖОСВН беше дел од настанот Розов пикник организиран од Medicus Help кој беше организиран во рамките од европскиот настан Race for the cure.




Се одржа работилница за Подобрување на дигестивното здравје. Работилницата беше водена од примариус специјалист доктор по семејна медицина Гордана Митева.
Целта на оваа работилница беше жените да добијат практични совети за спречување и управување со дигестивни проблеми преку промени во животниот стил.



Беше спроведена и работилница со вежби за релаксација на мускулите на градниот кош, дизајнирани специјално за членките на група за самопомош за жени кои се подложени на третман за малигни заболувања.
Предводена од физиотерапевтката Марија Стефанова Таушанова, работилницата имаше за цел да ја нагласи важноста на редовните вежби за зајакнување на мускулите на градниот кош, клучни за одржување на правилното држење на телото.




ОЖОСВН ја пречека новата волонтерка на Мировниот корпус, Лорен, која ќе биде дел од нашиот тим во следните две години. Возбудени сме поради оваа можност да работиме заедно и со нетрпение очекуваме да соработуваме со неа!



ОЖОСВН во соработка со волонтерите во обука од Мировниот корпус: Вероника, Крис и Бен, на 31.10.2023 оддржа работилница, насловена како „Grocery Games: What Can I Buy?“ Овој настан беше посветен на едукација на младите девојки за избор на здрав начин на живот во согласност со активностите за подигање на свеста за ракот на дојката што се одржаа во текот на октомври.



Во периодот од 08.10 до 16.10.2023 Задар, Хрватска се одржа EcoIslandWave – младинска размена, како дел од Еразмус+ програмата, а реализирана од носителот на проектот Carpe Diem, Карловац – Хрватска. Како партнер на проектот, ОЖОСВН, на младинската размена ја претставуваа нашите волонтерки: Александра Николовска, Евгенија Тасева, Теодора Анѓелова, Мери Карадаковска и Тамара Љубева. По завршувањето на тренингот и средување на знаењата и впечатоците, секој од учесниците во своите матични организации, направија десиминација на знаењата користејќи методи кои што ги научиле за време на тренингот и новите вештини кои ги имаат стекнато и подобрено.
Нашите волонтерки дисиминацијата ја реализираа на 23 ноември, во форма на работилница, пренесувајќи ги стекнатите знаења на околу дваесетина свои врсници.



Од октомври во Организација на жените на општина Свети Николе започна да функционира клубот за дебата на МОФ. Клубот активно работи и одржува средби секоја недела. Околу 15 млади од Свети Николе ги подобруваат своите вештини за аргументирање, вежбаат како да конструираат добро организирани аргументи, го усовршуваат своето јавно говорење и ги вежбаат техниките на дебата.
Од 15.11.2023 до 17.11.2023 во Скопје се одржа Националното дебатно првенство за почетници 2023, во организација на МОФ. Два тима од клубот за дебата при ОЖОСВН учествуваа на ова тридневно првенство. Им честитаме на Магдалена Стојановска, Мартин Донев, Стефан Неделковиќ, Ивана Стојчевска, Ивана Маџова и Стефан Тасев за нивното прво успешно учество на национално првенство од ваков карактер.



- За да го означи Меѓународниот ден на бранителите на човековите права на жените Kvinna till Kvinna организираше панел-дискусија. ОЖОСВН присуствуваше на оваа панел-дискусија каде слушна четири стории на жени за своите лични борба во справувањето со предизвиците и освојувањето нови простори за жените во општеството.

- ОЖОСВН како дел од победничкиот тим од Буткампот за родови податоци во Измир, учествуваше на follow-up настан организиран од UN Women Skopje каде што се разговараше за идни настани, идеи и за тоа колку е важно да се подобри разбирањето на институциите и пошироката јавност за родовите податоци.






ОЖОСВН ги одбележа следниве интернационални денови:
10.10 - Ден на менталното здравје
11.10 - Ден на девојчето
15.10 - Ден на руралната жена
05.12 -Ден на волонтерството
10.12 - Ден на човековите права

Како дел од 16 дена активизам ОЖОСВН спроведе он-лајн кампања преку која ги потсетивме нашите корисници дека постои место каде што помошта и поддршката се лесно достапни.







**На 25.12.2023 ОЖОСВН прослави 33 години постоење и активна работа.**
Сакаме да ја изразиме нашата благодарност до сите подржувачи, донатори, конституенти за вашата поддршка во текот на овие 33 години. Вашата поддршка во нашата мисија беа сила зад нашите достигнувања и влијание во заедницата.
Дополнително, ја изразуваме нашата благодарност до сите кои учествуваа на нашето изборно собрание и по трет пат ја укажаа довербата за реизбор на нашата претседателка Даниела Панева, која и понатаму ќе го претставува и застапува здружението.
Ја потврдуваме нашата посветеност да им служиме на нашите целни групи,
да ја унапредуваме заедницата,
да се залагаме за промени и да
работиме неуморно кон подобар, поправеден свет
и благосостојба за секого.
Ви благодариме што постоите за
и ние да бидеме подобри.
Ништо од ова не би било можно без вашата постојана поддршка и доверба во нашата мисија.



